**20160421106**

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

Врз основа на член 85-к и 85-р од Законот за животната средина („Службен весник на Република Македонија“ бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15 и 192/15), министерот за животна средина и просторно планирање, донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА НАЧИНОТ НА БОДИРАЊЕ НА ПРВИОТ И ВТОРИОТ ДЕЛ ОД ИСПИТОТ ЗА ЕКСПЕРТ ЗА ОЦЕНА НА ВЛИЈАНИЕ НА ПРОЕКТИ ВРЗ ЖИВОТНАТА СРЕДИНА И ИСПИТОТ ЗА ЕКСПЕРТ ЗА СТРАТЕГИСКА ОЦЕНА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА КАКО И ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА УВЕРЕНИЕТО

Член 1

Со овој правилник се пропишува начинот на бодирање на првиот и вториот дел од испитот за експерт за оцена на влијание на проектите врз животната средина и првиот и вториот дел од испитот за експерт за стратегиска оцена на животната средина, како и формата и содржината на уверението.

Член 2

(1) Првиот дел од испитот, односно теоретскиот дел се полага писмено по електронски пат со одговарање на определен број прашања во вид на решавање на електронски тест на компјутер.

(2) Бодирањето на тестот се врши на одговорите кои се заокружени како еден од веќе понудените одговори.

(3) Тестот од став (1) на овој член се состои од 50 прашања.

(4) Секое прашање содржи пет опции за заокружување од кои:

- една е точна и одговорот на прашањата се бодува со осум бодови;
- две се слични со точниот одговор и се бодуваат со три бодови;
- една е неточна во мал обем и се бодува со еден бод и
- една е неточна во голем обем и се бодува со нула бодови.

(5) Максималниот број на бодови изнесува 400 бодови.

(6) Кандидатот се смета дека го положил првиот дел од испитот ако освоил миниумум 280 бодови од вкупните 400 бодови.

Член 3

(1) Вториот дел од испитот се состои од решавање на практичен пример и одговарање на прашања врз основа на анализата на практичниот пример.

(2) Тестот од став (1) на овој член се состои од решавање на два практични примери.

(3) Практичниот пример содржи по пет прашања, при што секое од прашањата има десет можни опции на одговор од кои:

- една е точна и се бодува со десет бодови;
- пет се слични со точниот одговор и се бодуваат со пет бодови и
- четири се различни и се бодуваат со нула бодови.

(4) Максималниот број на освоени бодови за еден практичен пример изнесува 50 бодови.

(5) Кандидатот се смета дека го положил првиот дел од испитот ако освои минимум 70 бодови од вкупните 100.

Член 4

(1) Уверението за положен стручен испит за стекнување на статус експерт за стратегиска оцена на животната средина, како и Уверението за положен стручен испит за стекнување на статус експерт за оценка на влијание на проектите врз животната средина се издава на образец во А4 формат на хартија во бела боја.

(2) Уверението за положен стручен испит за стекнување на статус експерт за стратегиска оцена на животната средина, како и Уверението за положен стручен испит за стекнување на статус експерт за оценка на влијание на проектите врз животната средина содржи:

- Грб на Република Македонија;
- Назив на државата и институцијата која го издава Уверението, односно Република Македонија – Министерство за животна средина и просторно планирање;
- Деловоднички број и датум на издавање;
- Уверение и назив на уверението;
- Презиме, татково име и име на експертот кој ќе се стекне со Уверението;
- Датум, година и место на раѓање на експертот;
- Датум на дипломирање на експертот;
- Назив на институцијата на дипломирање, односно Универзитетот на кој експертот дипломирал;
- Назив на стручниот испит што го положил;
- Ден на полагање на стручниот испит;
- зборовите дека експертот се стекнал со статус на експерт за стратегиска оцена на животната средина или експерт за оценка на влијание на проектите врз животната средина и ги исполнува условите утврдени во член 85 став 2 од Законот за животна средина, а со тоа се стекнува со право да биде вклучен во Листата на експерти за стратегиска оцена на животната средина или Листата на експерти за оценка на влијание врз животната средина што ја води Министерството за животна средина и просторно планирање;
- Назив на институцијата која го издава уверението во долниот десен агол, односно Министерство за животна средина и просторно планирање;
- Место за потпис на министерот за животна средина и просторно планирање и
- Место за печат.

(3) Формата и содржината на Уверението за положен стручен испит за стекнување на статус експерт за стратегиска оцена на животната средина се дадени во Прилог 1 кој е составен дел на овој правилник.

(4) Формата и содржината на Уверението за положен стручен испит за стекнување на статус експерт за оценка на влијание на проектите врз животната се дадени во Прилог 2 кој е составен дел на овој правилник.

Член 5

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 12-518/2
25 февруари 2016 година
Скопје

Министер за животна средина
и просторно планирање,
**Нурхан Изаири**, с.р.

ПРИЛОГ 1

**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА
И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

Број ____________
Датум:______________ година

# У В Е Р Е Н И Е

за положен стручен испит за стекнување на
статус експерт за стратегиска оцена на животната средина

_____________________ (Презиме, татково име и име), роден на __________________ (дата на и место на раѓање), дипломирал на ден ______________________ (дата на дипломирање) на Универзитет_____________________ (назив на институцијата на дипломирање), го положи **стручниот испит за стратегиска оцена на животната средина** на ден______________ година (ден на полагање на стручниот испит) **и** се стекна со **статус на експерт за стратегиска оцена на животната средина** и ги исполнува условите утврдени во член 85 став 2 од Законот за животна средина, со тоа се стекнува со право да биде **вклучен** во Листата на експерти за стратегиска оцена на животната средина што ја води Министерството за животна средина и просторно планирање на Република Македонија.

Министерство за животна средина и
просторно планирање

Министер

_________________

М.П

ПРИЛОГ 2

**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА
И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

Број ______________
Датум:______________ година

# У В Е Р Е Н И Е

за положен стручен испит за стекнување на
статус експерт за оцена на влијание на проектите врз животната средина

**____________________ (**Презиме, татково име и име), роден на __________________ (дата на и место на раѓање), дипломирал на ден _____________________ (дата на дипломирање) на Универзитет____________________ (назив на институцијата на дипломирање), го положи **стручниот испит за оцена на влијание на проектите врз животната средина** на ден_____________ година (ден на полагање на стручниот испит) **и** се стекна со **статус на експерт за оцена на влијание на проектите врз животната средина** и ги исполнува условите утврдени во член 85 став 2 од Законот за животна средина, а со тоа се стекнува со право да биде **вклучен** во Листата на експерти за оцена на влијание на проектите врз животната средина што ја води Министерството за животна средина и просторно планирање на Република Македонија.

Министерство за животна средина и
просторно планирање

Министер

________________

М.П